ДОЛНЕНИ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 15.03. 2012 ГОДИНА БРОЈ 03 - 2012 ГОДИНА ДОЛНЕНИ | Жиро-ска 300020000212077 Д.Б.6021067000004 Тел: 048/453-210 |
|---|---|---|

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени”бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени го донесе следниот:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Заклучок за формирање на работна група за решавање на истекот на водата од локалниот пат ,,Дебрешки пат,, во н.м Лажани.**

1. **Се прогласува Заклучок за формирање на работна група за решавање на истекот на водата од локалниот пат ,,Дебрешки пат,, во н.м Лажани. бр. 07-360/2 донесена од советот на Општина Долнени на ден 15.03.2012 год.**
2. **Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-360/1 Градоначалник**
**22.03.2012 год. Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) а согласно член 28 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.08/05), Советот на општина Долнени на седицата одржана на ден 15.03.2012 год. го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За формирање на работна група за решавање на истекот на водата од локалниот пат „Дебрешки пат“ во н.м. Лажани

Член 1

За решавање на проблемот со истекот на водата од локалниот пат „Дебрешки пат“ во н.м. Лажани се формира работна група итоа од следните членови:

- Градоначалникот на општина Долнени Абдула Бајрамоски;
- Хусеин Хасанови, Муневера Хасановиќ, Зоран Дојчиноски и Ремзија Хасановиќ, Советници;
- Претставници од општина Долнени;
- Претставници од Катастар – Прилеп.

Член 2

Се овластуваат работната група да ги превземе сите дејствија околу изнајдувањето на Решение за истекување на водата од локалниот пат „Дебрешки пат“ – Лажани, во соработка со месното население кое живее во тој дел од селото.

Член 3

Работната група ќе ги превземе активностите од наредниот ден (16.03.2012 год.) од незиното формирање која ќе излезе на лице место да ја утврди фактичката состојба на терен за изнајдување на најповолно Решение.

Член 4

Заклучокот влегува во сила од денот на неговото донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Долнени“.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени”бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени го донесе следниот:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за усвојување на завршна сметка на буџетот на општина Долнени за 2011 год.**

1. **Се прогласува Одлука за усвојување на завршна сметка на буџетот на општина Долнени за 2011 год. бр. 07-360/3 донесена од советот на Општина Долнени на ден 15.03.2012 год.**
2. **Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-360/2 Градоначалник**
**22.03.2012 год. Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/02) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 22/07, 67/07 и 156/09), Советот на Општина Долнени на 25-та седница одржана на 15.03.2011 година, донесе

**З А В Р Ш Н А С М Е Т К А**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ЗА 2011 ГОДИНА**

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2011 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **165.505.260** | **133.423.836** |
| - даночни приходи | 13.085.000 | 9.927.419 |
| - неданочни приходи | 3.907.900 | 2.155.665 |
| - капитални приходи | 3.840.000 | 2.650.132 |
| - приходи од дотации | 101.891.000 | 100.592.924 |
| - трансфери | 27.891.000 | 217.816.336 |
| - донации | 281.360 | 281.360 |
| **Вкупни расходи** | 165.505.260 | 132.041.726 |
| - утврдени намени | 164.705.260 | 131.961.776 |
| - резерви | 800.000 | 79.948 |
| **Дефицит** | | 1.319.109 |
| **Суфицит** | | |

**Прилив**
- продажба на хартии од вредност
- приливи од домашен заем
- приливи од странски заем
- други приливи

**Одлив (отплата на главнина)**

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Долнени на 31.12.2010 година претставува збир од суфицитот од тековната 2010 година и од пренесениот вишок на приходи од претходната 2009 година ( ) и изнесува

**-Салдо на 31-12-2011 1.319.109 денари**

Салдо основен буџет 1.173.621 денари
Салдо буџет дотации 205.489 денари
Салдо буџет самофинасирачки активности ------
Салдо буџет донации ------

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 1.173.621 денари се пренесува како прилив на основниот буџет на општина Долнени за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации во износ од 205.489 денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на општина Долнени за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинасирачки активности во износ од -- денар се пренесува како приход на буџетот на самофинасирачки активности на општина Долнени за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 0 денари се пренесува како приход на буџетот на донации на општина Долнени за 2012 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи:

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Долнени за 2011 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Долнени за 2011 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Долнени".

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени го донесе следниот:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за усвојување на завршна сметка на ЈКП„Долнени„-Долнени за 2011 год.**

1. **Се прогласува Одлука за усвојување на завршна сметка на ЈКП„Долнени„-Долнени за 2011 год. бр. 07-360/4 донесена од советот на Општина Долнени на ден 15.03.2012 год.**
2. **Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-360/3** **Градоначалник**
**22.03.2012 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 28 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени" бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 15.03.2012 год. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За разледување односно усвојување на завршна сметка на ЈКП„Долнени"-Долнени за 2012 година.**

**член 1**

Од страна на Управниот Одбор при ЈКП Долнени и Директорот на истата на седницата одржана на ден 15.03.2012 година беше доставена завршна сметка на ЈКП Долнени истата беше разгледана од страна на Советот на општина Долнени и усвојена.

**член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето на истата а ќе се објави во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Биланс на работењето на ЈКП Долнени по завршна сметка**

Согласно законската регулатива направен е биланс на успешноста на работењето на ЈКП Долнени во текот на 2011 год. и поднесена е завршна сметка во предвиденит рок.

Резултатите од работењето на Претпријатието се дадени во следната табела групирани според категоријата на приходи и расходи кои се остварени во текот на 2011 год. согласно Законот за финансиско, материјално и книговодствено работење на Јавните претпријатија во Р. Македониј.

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| 1. | **-ВКУПНО ПРИХОДИ** | **13.817.544,00** | |
| | **-ВКУПНО РАСХОДИ** | **9.605.995,00** | |
| | **-БРУТО ДОБИВКА** | **4.211.549,00** | |
| | **-ДАНОК ОД ДОБИВКА** | **322.278,00** | |
| | **- ПЛАТЕНИ АКОНТАЦИИ ОД ДАНОК НА ДОБИВКА** | **22.000** | |
| | **- ДОПЛАТА НА ДД** | **/** | |
| | **- ПРЕТПЛАТА** | **15.863** | |
| | | | |
| | 1.Приходи од вода | **7.964.930,00** | -фактурира на вода на корисници -паушал пресметан во сметките за вод |
| | 2. Приходи од паушали | **1.169.160,00** | |
| | 3. Приходи од услуги | **324.719,00** | |
| | 4. Приходи по основ на проект | **/** | |
| | 5. Приходи од продажба | **/** | |
| | 6. Приходи од камата | **514,00** | |
| | 7. Донации | **1.362.400,00** | |
| | 8. Приходи од минати години | **47.379,00** | |
| | **О ПРИХОДИ** | | |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | а<br>- Услуги со камионот<br>- МЖСиПП – проект за оградување и чистење диви депонии<br>- камати од матичната банка<br>- МЦМС<br>- Пренесено салдо |
| ***RASHODI*** | | | |
| 1. | Суровини и материјали | 443.367,00 | - Студенчица за преземена вода |
| 2. | Канцелариски материјали | 103.883,00 | - сметките |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | за вода (формуларите) и останати материјали, хартија, тонер и др. |
| 3. | Материјали за одржување<br>За чистење<br>Службена и работна облека | 822.906,00<br>//<br>5.734,00 | - Набавка на пумпа за Десово и Дупјачани<br>- Набавка на материјали за тековно одржување |
| 4. | Електрична енергија | 806.307,00 | - за пумпните станици |
| 5. | Гориво и масло | 585.325,00 | - гориво за камионите, багерот и колите за сек |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | ојдневно работење, моторче за вода, масло, |
| 6. | ПТТ –трошоци | 451.048,00 | - трошоци за телефон и провизија на поштата за наплатат на сметките и пратки |
| 7. | Амортизација | 282.174,00 | - амортизациона стапка за водоводите со кои стопанисува ЈКП според закон 2.5 % |
| 8. | Услуги за тековно одржување | 64.430,00 | - изработка наделови за одр |
| | | | жување |
| 9. | Регистрација на возила | 24.520,00 | - регистрација на возила |
| 10. | Ситен инвентар | 8.560,00 | - набавка на телефон – факс и принтер |
| 11. | Интелектуални услуги | 506.956,00 | - книговодител и испитување на вода од заводот за зравствена заштита<br>- плати на вработени со договор преку агенција<br>- изработка на основен проект за |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | канализација за Пешталево и Секирци по проект |
| 12. | Хранарина | // | - надохнада за хранарина за вработените според закон |
| 13. | Превоз до работа | 4.670,00 | - превоз до работно место според закон |
| 14. | Репрезентација и спонзорства | 65.580, | - репрезентација и спонзорства за разни културни и спортски манифестации во општин |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | ата |
| 15. | Банкарска провизија | 40.450,00 | - провизија на банката за тековното работење |
| 16. | Трошоци за превоз на службен пат | 42.172,00 | - патарини |
| 17. | Дневници за службен пат | 8.020,00 | - дневници за службено патување според закон |
| 18. | Весници и списанија | // | - списание портака |
| 19. | Реклама и пропаганда | // | - објавување оглас во дневен печат и за јавна набавка |
| 20. | Фонд за води и проф. заболување | // | - законска обврска при исп |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | лата на плата |
| 21. | Премии за осигурување | 37.521,00 | - Осигурување на возилата |
| 22. | Договор на дело -бруто | 67.823 | - договор на дело за ангажирани лица со пресметан персонален данок |
| 23. | Трошоци за членови на Управен одбор | 372.217,00 | - надохнада за членовите на У.О. со пресметан персонален данок |
| 24. | Услуги од производни претпријатија | / | - Според тендер за користење багер за чистење на див |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | и депонии и реката во Дебреште |
| 25. | Бруто плати за вработените | 3.523.198,00 | - плати и придонеси за вработените |
| 26. | Централен регистар | 2.522,00 | - такси за завршна сметка и теков. сметка |
| 27. | Други трошоци | 23.333,00 | - спонзорство и помош |
| 28. | Административни такси | 30.065,00 | - Судски такси и вештачење |
| 29 | Затезна камата по данок | 23.649,00 | - за данок на ДДВ |
| 30 | Отпишани побарувања | 225.838,00 | - Според судски решенија за застарен |

| Ред. бр | Опис на ставките | Вредност | Појаснување |
|---|---|---|---|
| | | | долг |
| 31 | Трошоци од минати години | / | Пренесено салдо од претходна година |
| | ВКУПНО ТРОШОЦИ | **9.605.995,00** | |

Според податоците кои се преставени во табелата се заклучува дека во текот на работната 2011 год. ЈКП "Долнени " остварило позитивни финансиски резултати односно остварена е бруто добивка во работењето во износ од 4.211.545,оо ден. Со што се потврдува дека ЈКП Долнени имало успешна финансиска година.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени го донесе следниот:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈКП„Долнени„-Долнени за 2012 год.**

1. **Се прогласува Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈКП„Долнени„-Долнени за 2012 год. бр. 07-360/5 донесена од советот на Општина Долнени на ден 15.03.2012 год.**
2. **Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-360/4 Градоначалник**
**22.03.2012 год. Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 28 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени" бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 15.03.2011 год. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За разледување односно усвојување на Годишна Програма за работа на ЈКП„Долнени"-Долнени за 2012 година.**

**член 1**

Од страна на Управниот Одбор при ЈКП Долнени и Директорот на истата на седницата одржана на ден 15.03.2012 година беше доставена Годишна Програма за работа на ЈКП Долнени за 2012 год. истата беше разгледана од страна на Советот на општина Долнени и усвојена.

**член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето на истата а ќе се објави во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

***ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ДОЛНЕНИ" - Долнени за 2012 год.***

**Вовед:**

Општина Долнени е составена од 35 населени места со вкупно 3500 домаќинства во кои живеат 13.750 жители.

За надминување на дел од проблемите од комуналната инфраструктура со одлука на советот на Општина Долнени формирано е Јавното Комунално претпријатие "Долнени" - Долнени .

Во првите шест месеци Претпријатието се финансираше со субвенционирање на средства од Општината, а од 1.05.2000 год. функционира како самостоен правен субјект и по пат на самофинансирање.

Средствата за финансирење се обезбедуваат преку надохнада за услугите кои ги дава претпријатието на граѓаните или останати субјекти, а исто така и од други услуги кои се во склоп на неговата дејност

Работата и активностите на претпријатието, согласно законската регулатива и дејностите кои ги обавува е насочено во неколку правци.

**Б. В о д о с н а б д у в а њ е**

Преглед на водоснабдувањето во Општината е дадено во следната табела (прилог на стр.2):

Според преставениот табеларен преглед јасно се гледа структурата на водоснабдувањето во населените места.

1. На ЈКП " Долнени " како главно и приоритетно залагање за 2012 година ќе и биде мнугу важниот проблем по животот на граѓаните на општина Долнени со 24 часовно работење на Хлорната станица во Дебреште и по можност поставување на УВЕ Ламби во другите приклучни шахти од главниот цевковод на "Студенчица", со што ќе им се овозможи на граѓаните да користат здрава и бактериолошки чиста вода за пиење.

2. Јавното комунално претпријатие Долнени за изминатиов период презеде активности за легализација и управување со сите водоводи кои се приклучени на регионалниот водовод Студенчица, и таа постапка скоро во целост е завршена со исклучок на водоводот во населеното место во Мраморани.

Претпријатието во овој момент стопанисува со 17 водоводи кои се приклучени на водоснабдителниот систем Студенчица со вкупна водоводна мрежа од окулу 155 км примарна и секунадарна мрежа и 3 водоводи од локален карактер (бунари) со вкупна должина од 15 км.

Истата постапка на стопанисување ќе се спроведе и на водоводот кој е недовршен (Мраморани ), а ќе се приклучи на системот Студенчица. по автоматизам ќе се преземе и овој водовод со денот на нивното отпочнување со функционирање.

Во овој момент од регионалниот систем Студенчица се водоснабдуваат окулу 68% од севкупното население кое живее во општина Долнени. Во текот на 2012 година посебен акцент и обврска на Јавното претпријатие ќе биде завршување со поставувањето на водомерите кај сите корисници кои ги немаат поставено до сега и тие кои ги имаат извадено од било какви причини.

Претпријатието максимално ќе се ангажира да ги одстрани сите диви приклучоци и зголемувањето на наплатата .

Заради поефикасно решавање на овој проблем со водоснабдување во с.Дебреште со реконструкција на водоводната мрежа и во с. Житоше со изградба на Нов Резервоар и потисен цевковод од приклучната шахта до резервоарот со што ќе се створат услови за ефикасно решавање на проблемот со недостаток на вода во ова населено место и рамномерно користење на водата од сите граѓани.

Исто така еден од приоритетите во текот на 2012 год. од аспект на водоснабдувањето од системот Студенчица ќе биде, во соработка со Локалната самоуправа се обезбедат средства од донаторски институци за изработка на изведбен проект за приклучување на Севернит регион (Десово, Црнилиште, Браилово и останатите населени места) за што имаме согласност и од ЈП Студенчица.

3. Во текот на 2012 год. акцент ќе се стави на проблемот со водоснабдување и преземање на водоводите за нивно одржување и стопанисување со истите, кои се од локален карактер однсно бунари или извори. Ова е особено важно бидејќи кај овие населени места се појавува проблем од користење на недоволно исправна вода, заради тоа што кај

овие системи нема хлорирање на водата, а исто така и неконтролирана потрошувачка на вода. Заради тоа сите корисници на вода од овие системи предходно треба да го регулираат својот приклучок согласно прописите на Јавното претпријатие. При тоа прв приоритет ќе им биде даден на оние водоводи кои се технички исправни, а особено каде има иницијатива од Месните заедници кои бараат да ги предадат водоводите.

За овие населени места каде водоснабдувањето се врши со помпни станици ќе треба перманентно да се следат трошоците за 1м3 на испорачана вода согласно реалните трошоци за испорачана вода, а кои ќе бидат зависни од цената на ел. енергија, користената пумпа и трошоците за хлорирање.(особено после искуствата со проблемите во с. Забрчани, Дупјачани и Десово).

Посебен акцент во текот на 2012 ќе биде даден на изнаоѓање на активности и форми за подобрување на степенот на наплата на потрошената вода, а при тоа ако има потреба и да се искористат сите законски можности во тој правец (поведување на судски постапки и исклучување на потрошувачот од системот за водоснабдување). Програмска определба на јавното претпријатие ќе биде наплатата на потрошена вода да биде мин 80% а максимална 90%. Со тенденција на постојано зголемување на овој процент.

Покрај наплатата на потрошената вода посебен акцент треба да се стави и на контролирана потрошувачка на вода бидеќи здрава и чиста вода за пиење ќе има се помалку, и потребно е да ги сменуваме нашите навики водата за пиење да не се користи за наводнување и да се растура. За таа цел планирано е да се изработи еден проект за интензивна јавна кампања за подигање на јавната свест на граѓаните, за рационално користење на водата, а исто и обавезно поставување на водомери за да се има контрола на потрошената вода.

4. Водоводите кои се во инвестиција, во текот на 2012 год Јавното Комунално претпријатие во рамките на неговите можности, активно ќе учествува во завршувањето на водоводните мрежи, особено на куќните приклучоци и унифицирањето на водомерите заради нивно подобро и поефикасно одржување.

5. Кај населените места кај кои не е решено водоснабдувањето ЈКП "Долнени"- Долнени, а во рамките на своите можности, во соработка со Општина Долнени ќе презема активности и дава техничка помош за надминување на овие проблеми.

6. Од аспект на тековното одржување и планските активности Јавното петпријатие во текот на 2012 год планира да спроведе активности на санација(изработка на проект за реконструкција и барње на средства од домашни и странски донатори) на дел од водоводните мрежи особено оние кои се постари и кои имаат проблеми во нивното функционирање (Дебреште, Житоше, Лажани, Новоселани, Ропотово и др), а активностите се состојат од поставување на Нови потисни цефководи, изработка на проекти за нови резервоари, санација на разделните шахти, и промена на неисправните вентили со исправни, со цел подобрување на водоснабдувањето особено во летниот период кога се јавува недостаток на вода. Исто така потребно е да се изработат проекти за замена на цементно азбестните цевки со полиетилен.

Оваа активност во многу ќе зависи од реализацијата на наплата на потрошената вода.

7. Одведување на отпадните води

Во Општина Долнени завршени се два канализациони системи во Дебреште и Житоше, со пречистителни станици, а во фаза на изградба е канализационен систем во Црнилиште и Лажани. И двата система се со пречистителна станица. Согласно определбите на донаторите овие системи по нивното завршување со нив ќе стопанисува Јавното претпријатие. Овде особен акцент ќе биде ставен на одржувањето на пречистителните станици кои се од контењерски тип и кои при својата работа ангажираат моќност од околу 50 KW електрична енергија.

Во текот на 2012 год. Треба да се регулираат приклучоците на ел. Енергија со ЕВН за да може овие пречистителни станици правилно да функционираат. Функционирањето на овие системи во многу ќе зависи од процентот на наплата на потрошената вода бидејќи нивното функционирање е поврзано со плаќањето на потрошената струја.

Овие системи во 2012 год. Потребно е да се стават во функција како би се избегнало понатамошно загадување на животната средина, и избегнување на непријатни миризби во населените места.

### 🗗. ***К о м у н а л н а х и г и е н а***

Од аспект на комуналната хигиена во Општина Долнени, ЈКП-Долнени има преземено одредени активности, а во текот на 2012 год планира да ги преземе следните активности:

1. Цврст комунален отпад

Во рамките на проектот ЛЕАП и Министерството за Животна средина и Просторно планирање на територијата на Општина Долнени изградени се две времени прифатилишта за цврст комунален отпад, кои се наоѓаат во атарот на с. Дебреште и во атарот на с. Црнилиште.

Овие времени прифатилишта се изградени со сета потребна пропратна документација за објекти од ваков вид.

Во рамките на своите активности ЈКП Долнени планира во 2012 год да го подобри изнесувањето на цврстиот комунален отпад со набавка на нови контејнери од 1,1 м3 покрај поголемите населени места во првата фаза да премине во втора фаза со организирано изнесување на отпадот во сите населени места.

2. Одржување на јавни површини

Во рамките на Општина Долнени нема многу уредени јавни површини освен во Долнени пред објектите на општината и спомен домот на фестивалот на народни инструменти, Дебреште новоизградениот парк и во с. Црнилиште кај фонтаната.

3.Пазари

Во Општина Долнени во моментов има изградено и уредено еден сточен пазар во с. Дебреште.

Истиот пробно беше пуштен во работа во 2003 год и работеше извесно време но подоцна од субјективни и објективни причини интересот опадна за користење на овај пазар. Меѓутоа според нашите сознанија повторно постои интерес за профункционирање на овај објект.

Затоа во текот на 2012 год ЈКП Долнени има планирано да спроведе и поактивна медиумска кампања за активирање на овај објект.

Покрај активирањето на објектот за сточен пазар предвидено е и распоредување на покретни тезги на соодветни локации особено во поголемите населени места кои

ќе се користат и за зелен пазар затоа што според нашите сознанија има неопходна потреба од зелени пазари, а има и заинтересирани лица за користење на услугите на зелен пазар.

- ***Останати активности***

Покрај основните дејности кои беа наведени во предходниот дел ЈКП Долнени во своето работење ги има предвидено и следните активности:

1. Во поголемите населени места уредување локации и тезги за зелен пазар.
2. Остварување соработка со јавните институции и правните лица во општината и преземање на конкретни активности окулу подобрувањето на комуналното уредување во општината. (пошумување, уредување спортски центри, уредување центри во населените места и сл.)
3. Изготвување и предлагање на програми во соработка со Општина Долнени, до меѓународните институции и фондации за добивање на средства за подобрување на комуналното уредување во Општината. (Во фаза на преговори сме со неколку такви асоцијации:, УНДП, УСАИД, МЦМС и др.)
4. Активно вклучување на камионот во изведбата и одржување на одредени инфраструктурни објекти од јавен интерес во рамките на своите техничко финансиски можности во рамките на општината и доколку има интерес и на останати баратели на услуга врз база на комерцијални договори..
5. Во соработка со Општината, зимско одржување на локалните патишта во Општина Долнина.
6. Останати активности за кои ќе се укаже потреба, а претпријатието може да ги изврши согласно своите можности, а не се во спротивност со актите на претпријатието.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Заклучок за прогласување Заклучок за формирање на работна група за решавање на истекот на водата од локалниот пат „Дебрешки пат„ во н.м Лажани.
2. Заклучок за формирање на работна група за решавање на истекот на водата од локалниот пат „Дебрешки пат„ во н.м Лажани.

3. Заклучок за прогласување Одлука за усвојување на завршна сметка на буџетот на општина Долнени за 2011 год.
4. Одлука за усвојување на завршна сметка на буџетот на општина Долнени за 2011 год.

5. Заклучок за прогласување Одлука за усвојување на завршна сметка на ЈКП-Долнени за 2011 год.
6. Одлука за усвојување на завршна сметка на ЈКП-Долнени за 2011 год.

7. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишна програма на ЈКП-Долнени за 2012 год.

8. Одлука за усвојување на Годишна програма на ЈКП-Долнени за 2012 год.

**Печати Општина Долнени - Тираж 25 примероци.**
**Издава на служба на Општина Долнени.**
**Главен и одговерен уредник: Абдула Бајрамоски.**
**Изготвил: Исмет Ќамили.**